РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-377/3
12. 03. 2013 год.
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 18-03-2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03/ | 125-4 | | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12 и 15/13), Одборот за акредитација и евалуација на 17. седница одржана на 26.02.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

за **акредитација на нова студискaта програма Градежништво, насока Хидротехника, втор циклус двегодишни студии на Градежниот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма **Градежништво, насока Хидротехника, втор циклус студии на Градежниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по градежништво, хидротехничка насока** научно-истражувачко подрачје:Техничко-технолошки науки, научно истражувачко поле: Градежништво, научна област: Хидротехника.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на студиската програма Градежништво, насока Хидротехника како и одлуката на Универзитетски

сенат за усвојување на студиската програма, достави елаборат до Одборот за акредитација и евалуација од 26.12.2012 година за прифаќање на елаборатот и акредитација на студиската програма.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 16 седница одржана на 24.01.2013 година формира комисија и на 17. седница одржана на 26.02.2013 година, врз основа на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски